**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# *ПРАКТИЧНА НАСТАВА*

**III година**

***ЗДРАВСТВЕНА СТРУКА***

***Медицинска сестра***

**Скопје, 2007 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** *ПРАКТИЧНА НАСТАВА*

**1.2. Образовен профил и струка на кои им припаѓа наставниот предмет**

1.2.1. Образовен профил: *МЕДИЦИНСКА СЕСТРА*
1.2.2. Струка: Здравствена

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Практична обука

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Трета година

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 11 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 396 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. *ЗАДОЛЖИТЕЛЕН*

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По усвојувањето на наставната програма по наставниот предмет ПРАКТИЧНА НАСТАВА ученикот стекнува знаења, умеења и вештини и се оспособува:

- да ги применува принципите на здравствената нега;
- да ги објаснува постапките при спроведување на специјалната нега;
- да ја познава функцијата на инструментите и апаратите;
- да ракува со апаратите, инструментите и средствата за работа;
- да развива вештини за извршување на мануелно-технички манипулации;
- да применува постапки по ординиран налог во негов домен на работа;
- да применува и развива вештини на комуникација со болниот и пошироко во работната средина;
- да ја почитува индивидуалноста на личноста и нејзините потреби;
- да развива позитивни ставови кон тимската работа и иницира соработка;
- да реагира соодветно на ургентноста на ситуацијата.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на зацртаните цели, потребни се предзнаења од антомија, физиологија, основи на нега, интерна и педијатрија со нега, патологија и микробиологија со инфектологија и нега.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. 4.1. Структурирање на содржините за учење

### Подрачје: ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ СО НЕГА (108 часа)

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ФАКТОРИ ЗА ПОЈАВА НА ЗАРАЗНИТЕ БОЛЕСТИ И ПРЕВЕНТИВА** | **12** | Ученикот:<br>- да ги ***објаснува***,факторите за појава на заразна болест;<br>-да ги ***поврзува*** конкретните фактори со соодветна болест;<br>- да ги ***идентификува*** причинителите на заразните болести;<br>-да ги ***класифицира*** заразните болести по групи;<br>- да ***применува*** превентивни мерки ( изолација, пријавување назаразните болести, дезинфекција), серопрофилакса и серотерапија. | Водење на насочена дискусија по шема.<br><br>Демонстрирање на превентивни мерки<br><br>Пополнување на административни формулари;<br><br>Апликација на серопро-филакса и серотерапија; (работа во групи). | Микробиологија и инфектологија со нега<br><br>Интерна и педијатрија со нега<br><br>Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **2. ЗЕМАЊЕ МАТЕРИЈАЛ ЗА ДИЈАГНОСТИЧКА ЦЕЛ** | **20** | *Ученикот:*<br><br>- да ***познава*** начини на земање на дијагностички материјал;<br><br>- да ***подготвува*** материјал и средства за бактериолошко испитување;<br><br>- да ***администрира*** и испраќа материјал за лабораториско испитување;<br><br>- да ***спроведува*** соодветна нега пред и после земање на материјал;<br><br>- да ***применува*** правилна постапка со употребените средства и материјали. | - Демонстрирање на подготовка на дијагностички материјал.<br><br>Вежби:<br>-Администрирање и испраќање на материјалот.<br><br>Увид во дневникот за практична работа на учениците.<br><br>Вреднување на индивидуалната оспособеност на учениците. | Микробиологија и инфектологија со нега<br><br>Интерна и педијатрија со нега<br><br>Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **3. НЕГА И ИСХРАНА ПРИ ЦРЕВНИ ИНФЕКТИВНИ БОЛЕСТИ** | **18** | *Ученикот:*<br><br>- да ги ***набројува*** и да ***опишува*** карактеристичните симптоми на инфективните цревни болести;<br>- да ***опсервира и препознава*** карактеристични симптоми на одделни болести;<br>- да ***спроведува*** изолација на овие болни;<br>- да ***изведува*** постапка на дезинфекција;<br>- да ***спроведува*** соодветна нега, терапија и исхрана;<br>- да ***спроведува*** рехидратација кај болниот. | - Дискутирање за карактеристични симптоми на одделни цревни заболувања<br><br>- Набљудување на болест во реална ситуација.<br><br>- Демонстрирање на постапки за изолација,терапија, нега и исхрана на болен.<br><br>- Распределување на учениците според работни задачи.<br><br>- Контролирање и вреднување на работата на учениците. | Микробиологија и инфектологија со нега<br><br>Интерна и педијатрија со нега<br><br>Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **4. НЕГА И ИСХРАНА ПРИ НЕРВНИ ИНФЕКТИВНИ БОЛЕСТИ** | **18** | Ученикот:<br>- да ги ***набројува и објаснува*** заразните болести од оваа група;<br>- да ***опсервира и препознава*** карактеристични симптоми;<br>- да ***врши*** изолација на овие болни;<br>- да ***изведува*** дезинфекција;<br>- да ***спроведува*** соодветна нега,терапија и исхрана. | - Водење на дискусија за симптомите карактеристични за одделни заболувања.<br>- Презентирање на симптоми на болест во реална ситуација.<br><br>Вежби: постапки за изолација, нега и исхрана.<br>- Распоредување учениците според работни задачи.<br>- Контролирање и вреднување на индивидуалната оспособеност на учениците. | Микробиологија и инфектологија со нега<br><br>Интерна и педијатрија со нега<br><br>Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **5. НЕГА И ИСХРАНА КАЈ ИСИПНИ ИНФЕКТИВНИ БОЛЕСТИ** | **18** | Ученикот:<br><br>- Да ги ***набројува и објаснува*** болестите од оваа група на заразни болести;<br><br>- да ***опсервира и препознава*** карактеристични симптоми и карактеристичен исип; | - Водење на дискусија за симптомите карактеристични за одделни заболувања.<br>- Презентирање на симптоми на болест во реална ситуација. | Микробиологија и инфектологија со нега<br><br>Интерна и педијатрија со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ***врши*** изолација на овие болни;<br><br>- да ***спроведува*** дезинфекција и соодветна нега и терапија. | Вежби: постапки за изолација, нега и исхрана.<br>- Распоредување учениците според работни задачи,<br>- Следење на работата на учениците. | |

| **Тематски целини** | **Број на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|---|
| **6. НЕГА И ИСХРАНА КАЈ ДРУГИ ИНФЕКТИВНИ БОЛЕСТИ** | **22** | Ученикот:<br>- да ги ***набројува*** останатите инфективни болести:<br>сида, хепатитис, дифтерија, еризипел, антракс, пертусис, паротитис, бруцелоза<br>- да ги ***опишува*** симптомите;<br>- да ***обсервира и препознава*** карактеристични симптоми;<br>- да ***врши*** изолација на овие болни;<br>- да ***спроведува*** дезинфекција и соодветна нега, терапија и исхрана;<br>- да ги ***познава*** мерките за заштита од ХИВ инфекцијата;<br>- да **помага** во превентивна едукација од сида. | - Дискутирање за карактеристични симптоми на заболувања.<br><br>- Набљудување на болест во реална ситуација.<br><br>- Демонстрирање на постапки за изолација,терапија, нега и исхрана.<br><br>- Распределување на учениците според работни задачи.<br><br>- Контролирање и вреднување на работата на учениците. | Микробиологија и инфектологија со нега<br><br>Интерна и педијатрија со нега<br><br>Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |

**Подрачје: ХИРУРШКИ БОЛЕСТИ СО НЕГА (144 часа)**

| **Тематски целини** | **Број на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|---|
| **1. ДОЛЖНОСТИ НА МЕДИЦИНСКАТА СЕСТРА ПРИ ПРИЕМ НА ХИРУРШКИ БОЛНИ** | **28** | Ученикот:<br>- да ги ***дефинира и опишува*** одредени ургентните состојби во хирургијата ( хеморагија, краниоцеребрални повреди, изгореници и др.);<br>- да с***проведува*** пропишани постапки кај одредени категории болни;<br>- да ***набљудува*** и навремено *забележува* карактеристични промени на состојбата на болниот;<br>- да ***спроведува*** пропишана терапија, ихрана и општа нега;<br>- да ***зазема*** правилен став кон потребите на болниот и истите ги почитува. | - Дискутирање за карактеристични симптоми на заболувањата.<br><br>- Набљудување на болест во реална ситуација.<br><br>- Демонстрирање на постапки за изолација,терапија, нега и исхрана.<br>- Распределување на учениците според работни задачи.<br>- Контролирање и вреднување на работата на учениците. | Микробиологија и инфектологија со нега<br><br>Интерна и педијатрија со нега<br><br>Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **2. ПОДГОТОВКА НА БОЛЕН ЗА ОПЕРАЦИЈА** | **16** | - да ***соработува*** со болниот;<br>- да ја ***сфаќа*** потребата од индивидуален пристап кон секој болен при психичката подготовка за операција;<br>- да ***применува*** пропишани постапки за предоперативна подготовка ( лабораториски иследувања, одредување на крвна група и РН фактор, РТГ иследувања и анестезиолошки заклучок);<br>- да ***планира и спроведува*** соодветна исхрана пред операција;<br>- да ***спроведува*** локална подготовка на оперативното поле;<br>- да ***користи*** правилен начин на премедикација со придружба на болниот до операциона сала. | - Демонстрирање на:<br>- постапки за психичка подготовка на болен за операција;<br>- локална подготовка на оперативно поле.<br>- подготовка на материјал за пропишаните постапки;<br><br>- Определување на работни задачи.<br><br>- Контролирање на примената на премедикација од страна на учениците.<br><br>- Следење и вреднување на индивидуалната оспособеност на учениците. | Микробиологија и инфектологија со нега<br><br>Интерна и педијатрија со нега<br><br>Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **3. ПОСТОПЕРАТИВНА НЕГА НА ОПЕРИРАН БОЛЕН** | **16** | *Ученикот:*<br><br>- да ги ***почитува*** потребите на опериран болен;<br><br>- да ***спроведува*** прием на болен од операциона сала на одделение;<br><br>- да ги ***следи*** виталните функции на болниот;<br><br>- да ги ***воочува*** патолошките промени во виталните функции кај болниот;<br>- да ***води*** шок листа;<br><br>- да ја ***познава*** неопходноста од контрола на првата преврска;<br><br>- да ***подготвува*** потребен материјал за преврска со примена на принципи на асепса. | - Насочување на дискусија по претходно подготвени прашања;<br>- Демонстрирање постапки за правилен прием на болен од операциона сала на одделение;<br>- Поделба на учениците во групи и определување на задачи;<br>- Подготвување на материјал и демонстрирање и набљудување преврска на оперативна рана;<br>- Следење и вреднување на работата на учениците во извршувањето на работните обврски.<br>- Увидот во дневниците за практична настава на учениците. | Микробиологија и инфектологија со нега<br><br>Интерна и педијатрија со нега<br><br>Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **4. ПОСТОПЕРАТИВНИ ПОТЕШКОТИИ И КОМПЛИКАЦИИ** | **20** | *Ученикот:*<br>- да ги ***познава*** симптомите на постоперативните потешкотии кај болниот( метеоризам, повраќање, потешкотии со мокрење);<br>- да ја ***идентификува*** појавата на постоперативните потешкотии;<br>- да ***спроведува*** медицински манипулации по индикации на лекарот (клизма, катетеризација, сукција, и др.);<br>- да ***ракува*** со подребните инструменти и апарати:<br>- да ги ***познава*** постоперативните компликации кај болниот( декубитус, респираторни компликации, тромбоза, контрактури);<br>- да ***планира и спроведува*** мерки за превенција на компликациите;<br>- да ***подготвува*** материјал за индицираните медицинска манипулации;<br>- да ***ракува*** со потребнитре инструменти и апарати. | - Насочување на дискусија по претходно подготвени прашања.<br><br>- Демонстрирање ракување со потребните инструменти и апарати.<br><br>- Упатување во набљудување на болните сп постоперативни компликации.<br><br>- Поделба на учениците во групи и определување на задачи.<br><br>- Следење и вреднување на работата на учениците во извршувањето на работните обврски. | Микробиологија и инфектологија со нега<br><br>Интерна и педијатрија со нега<br><br>Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **5. ЗАДАЧИ НА МЕДИЦИНСКАТА СЕСТРА ПРИ РАЗНИ ПОВРЕДИ** | **8** | *Ученикот:*<br><br>- да ***препознава*** вид на повреда;<br><br>- да ***спроведува*** психофизичка подготовка на болен;<br><br>- да ***подготвува*** потребен материјал за акстензија;<br><br>- да ***подготвува*** потребен материјал за поставување на гипсана имобилизација;<br><br>- да ***спроведува*** пропишана терапија, исхпана и општа нега кај оваа катееорија на болни;<br><br>- да ***воочува*** навремено промени кај болниот како компликации од екстензија и гипсана имобилизација. | - Насочување на дискусија по претходно подготвени прашања.<br><br>- Демонстрирање ракување со потребен материјал, основните медицински средства и специфични медицински инструменти ( елеитричен борер, љонеровса игла, брауновa шина и др.<br><br>- Поделба на учениците во групи и определување на задачи.<br><br>- Следење и вреднување на работата на учениците во извршувањето на работните обврски. | Микробиологија и инфектологија со нега<br><br>Интерна и педијатрија со нега<br><br>Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **6. ЗАДАЧИ НА МЕДИЦИНСКАТА СЕСТРА ВО АСЕПТИЧНА САЛА** | **8** | *Ученикот:*<br><br>да ***елаборира*** намена на асептична сала како и прилципите за работа во неа;<br><br>- да го ***интерпретира*** значењето на поимите сутура, инцизија и биопсија;<br><br>- да ***развива*** вештини за спроведување ла психофизичката подготовка на болниот;<br><br>- да го ***подготвува*** потребниот материјал и салата за работа. | Објаснува принципи на работа во асептична сала.<br>- Запознавање со малите хируршки интервенции.<br><br>- Демонстрирање подготовка на асептична цала.<br><br>- Симулација на постапка за психофизичка подготовка на болен.<br><br>- Поделба на работни задачи на учениците.<br><br>- Набљудување, контролирање и вреднување индивадуалната оспоснбеиост на учениците. | Хирургија и гинекологија со акушерство со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7. ОПЕРАТИВЕН БЛОК СО ЦЕНТРАЛНА СТЕРИЛИЗАЦИЈА** | **40** | - Да ги ***објаснува*** поимите стерилизација и дезинфекција;<br>- ***да развива*** мануелни вектини за подготовка на хируршки маперијал за стерилизација (инструменти, оперативен веш; преврзочен материјал);<br>- да ***применува*** методи за контрола на стерилизација;<br>- да ***ракува*** со апарати за стерилизација;<br>- да го ***опишува*** оперативниот блок и просториите во него;<br>-да ја ***набројува*** неопходните предмети и апарати за работа во операционата сала;<br>- да ги ***идентификува и класифицира*** инструментите од општа решетка;<br>- да ***развива*** вештини за хируршко миење на раце;<br>- да ја ***осознае*** етиката на сестрата инструментарка;<br>- да ***применува*** норми и вредности на однесувањето во операционата сала;<br>- да ***соработува*** со членовите од хируршкиот тим. | - Демонстрирање на:<br><br>- подготовка на хируршки материјал за степилизација;<br>- методи за контрола на стерилизацијат.<br><br>- Поделба на работни задачи учениците за примена на теоретските знаења во конкретни манипулации;<br><br>- Набљудувањена одделните фази на подготовка на операционата сала.<br><br>- Распределување на учениците по групи и давање на насоки за работа. | Микробиологија и инфектологија со нега<br><br>Интерна и педијатрија со нега<br><br>Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **8. ЗАДАЧИ НА МЕДИЦИНСКАТА СЕСТРА ЦАЈ КОМАТОЗЕН БОЛЕН** | **8** | *Ученикот:*<br><br>- да ***разликува*** коматозен болен од болен сг загрозени витални функции;<br><br>- да ***спроведува*** пропикана терапија и исхрана;<br><br>- да ***подготвува*** материјал за назначени манипулации( аспирација на дишни патишта, кардиопулмонална реанимација, исхрана преку назогастрична сонда;<br><br>- да ги ***спроведува*** принципите од општа нега на неподвижен болен. | - Објаснување на разлики меѓу коматозен болен и болен со загрозени витални функции според општата симптоматологија.<br><br>- Демонстрирање на подготовка на материал на назначените манипулации.<br><br>- Определување на работни задачи и работни места на учениците.<br><br>јСледење и вреднување на работата на учениците.<br><br>Организирање на дискусија за согледувањата од реализацијата на праксата во Клиниката за хируршки болести. | Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |

**Подрачје: ИНТЕРНА СО НЕГА - 144 часа годишно**

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ЗЕМАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛ ЗА СЕДИМЕНТАЦИЈА И ДРУГИ КРВНИ ИСЛЕДУВАЊА** | **10** | Ученикот:<br><br>- да ***избира*** потребен материјал и средства за крвна анализа;<br><br>- да ***ракува*** со инструментите и материјалот за работа;<br><br>- да ***приготвува*** болен за соодветна манипулацја;<br><br>- ***зема*** крв според определени пстапки;<br><br>- да ***постапува*** правилно со земената крв;<br><br>- да ***чита и бележи*** (регистрира) во температурна листа добиени резултати. | ***Демонстрирање на***:<br>- техника на вадење на крв;<br>- подготовка на потребен материјал;<br>- подготовка на болниот за вадење на крв.<br><br>***Објаснување на:***<br>- постапка за поставување на земената крв за седиментација;<br>- постапки и начини на испраќање на крвта за анализа.<br><br>***Распоредување*** учениците во групи и давање работни задачи.<br><br>***Набљудување и следење*** на индивидуалната работа на учениците, ***укажување*** на пропустите. | Интерна и педијатрија со нега |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **2. ДИЈАГНОСТИЧКИ МЕТОДИ ПРИ ЗАБОЛУВАЊА НА РЕСПИРАТОРЕН СИСТЕМ И НЕГА НА БОЛЕН** | **28** | ***Ученикот:***<br><br>- да ***препознава*** симптоми од одредено респираторно заболување:<br>- плеврална пункција<br>проба според ривалта<br>- бронхографија<br>- бронхоскопија<br><br>- да ***спроведува*** администативени санитарен прием на болниот;<br><br>- да го *тријажира* болниот соодветно на заболувањето;<br><br>- да ***спроведува*** соодветна нега и хигиено диететски режим;<br><br>- да ги ***познава*** дренажните положби и го ***поставува*** болниот во соодветна полжба во зависност од заболувањето; | ***Објаснување*** на:<br>- постапки при админи-стративен и санитарен прием на респираторен болен;<br>- начин на тријажирање;<br>- дренажни положби и вежби на дишење при одредени заболувања.<br><br>***Демонстрирање*** на постапка на одржување на личната хигиена на болниот и хигиено- диететски режим;<br><br>***Проверување*** на коректност на принципите на однесување со пациентите.<br><br>***Идентификување*** на инструменти и материјали што се користат при изведување на | Интерна и педијатрија со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ***познава:***<br>положба на болниот за определени дијагностички методи;<br>вежби на дишење ви зависност од заболувањето;<br>- индикаците целите и текот на изведување на дијагностички методи;<br><br>- го ***подготвува:***<br>болниот за интервенција (психичка подготовка и премедикација);<br>потребниот материјал за интервенција (инстр ументи, дезинфекциони средства, реагенси и стерилен завоен материјал);<br><br>- да го ***поставува*** болниот во соодветна положба за интервенцијата;<br><br>- да ***асистира*** при интервенција; | дијагностичките методи.<br><br>***Демонстрирање на:***<br>- постапка на поставување на пациентот во соодветната положба за одредената интервенција;<br>- постапка на спроведување на земениот материал;<br>- постапка на распремање на материјалот по извршената интервенција.<br><br>***Организирање*** на дискусија за значењето на негата и хигиено-диететскиот режим на пациент по интервенцијата.<br><br>***Распоредување*** на учени-ците за практицирање и давање на насоки.<br><br>***Набљудување, следење и вреднување*** на работата на учениците. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да го ***спроведува*** земениот материјал за испитување;<br><br>- да го ***распремува*** материјалот по интервенцијата;<br><br>- да ***спроведува*** нега и хигиено - диететски режим по интервенцијата. | ***Укажување*** на пропустите и ***коригирање***. | |
| **3. НЕГА НА БОЛЕН ПРИ КАРДИО-ВАСКУЛАРНИ ЗАБОЛУВАЊА** | **20** | - Да ***користи*** соодветни постапки при приемот на болен;<br><br>- да ***мери*** со апарат крвен притисок; | ***Дискусија за:*** симптоми, компликации, превентивни мерки, индикациите и целта на спроведувањето на дијагностичка постапка, нега и хигиено диететскиот режим на пациентот по | Интерна и педијатрија со нега<br><br>Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| . | | - да ***препознава*** симптоми на срцева декомпензација и инфаркт на миокард и покачен крвен притисок;<br><br>- да ***познава*** лекови за покачен и намален крвен притисок и<br>начин на нивна апликација.<br><br>- да ***дистрибуира*** правилно биолошки материјал за лабораториски анализи;<br><br>- да ***спроведува*** соодветна нега и превентивни мерки за заштита од компликации;<br><br>- да ***препзнава*** појава на тромбофлебит и декубитус и ***применува*** соодветна нега;<br><br>- да ги ***следи*** појавите на диуреза и дефекација кај болниот;<br><br>- да ***аплицира*** ординирана терапија, според одреден редослед; | интервенцијата.<br><br>***Демонстрирање на:***<br><br>- прием на болен, сместување;<br>- апликација на терапија по одреден редослед;<br>- начин на апликација на диуретици и лаксантни средства;<br>- контрола на излачевините и начинот на нивното контролирање;<br>- инструменти и потребен материјал кој се користи при изведување на дијагностичките методи;<br>- постапка на поставување на пациентот во соодветната положба за одредената интервенција;<br>- постапка на спроведување на земениот материјал;<br>- постапка на распремање на матерјалот по извршената интервенција;<br><br>***Давање*** инструкции за | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ***согледува*** врска меѓу квалитетот на исхраната и појавата на кардио-васкуларни заболувања. | работа и ***распоредување*** учениците за практицирање.<br>***Следење*** на извршувањето на активностите од одделни ученици.<br><br>***Увид*** во дневниците за практична работа.<br><br>***Укажување*** на пропустите и грешките во работата. | |
| **4. ПРИМЕНА НА ДИЈАГНОСТИЧКИТЕ МЕТОДИ ПРИ ЗАБОЛУВАЊА НА ХЕМАТОПОЕЗНИОТ СИСТЕМ** | **6** | - Да го ***приготвува*** болниот за интервенција;<br>- да го ***идентификува и подготвува*** потребниот материјал за интервенција (инструменти, дезинфекциони средства, реагенси и стерилен завоен материјал);<br>- да го ***поставува*** болниот во соодветна положба за интервенција;<br>- да ***асистира*** при интервенција;<br>- да го ***спроведува*** земениот материјалот за испитување;<br>- да ***спроведува*** нега и хигиено-диететски режим по | ***Презентирање и демонстрирање*** на:<br>- инструменти и матерјиали заизведување на дијагностичките методи;<br>- постапка на поставување на па-циентот во соодветната положба за одредената интервенција;<br>- постапка на спроведување на земениот материјал;<br>- постапка на распремање на ма-терјалот по извршената интервенција;<br><br>***Распределување*** на учениците на работни места.<br>***Следење и вреднување*** на | Интерна и педијатрија со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | интервенцијата. | работата на учениците. | |
| **5 . НЕГА НА БОЛЕН И ПРИМЕНА НА ДИЈАГНОСТИЧКИТЕ МЕТОДИ ПРИ ЗАБОЛУВАЊА НА ДИГЕСТИВНИОТ СИСТЕМ** | **40** | ***Ученикот:***<br>- да ***препознава*** симптоми на компликации (мелена, хематемезис);<br>- да ***регира*** навремено и да *известува* за состојба : перфорација на чир;<br>- да ***спроведува*** одреден диететски режим за земање на болошки материјал (фецес) за хемиско испитување;<br>- да ги ***познава*** индикациите за примена , целите поради кои се спроведуваат и текот на изведувањето на дијагностичките методи;<br>- да ги ***познава*** постапките на дијагностичкото испитување на дигестивен тракт ( желудник и дебело црево ): гастроскопија, ректоскопија, колоноскопија, биопсија на црн дроб, дренажа на жолчни патишта и | ***Набљудување*** на болен со соодветна симтоматологија.<br><br>***Развивање*** на дискусија со целата група за информациите дадени од болниот.<br><br>***Презентирање*** на инструменти и материјали кои се користат при изведување на дијагностичките методи.<br><br>***Набљудување*** на:<br>- постапка на поставување на пациентот во соодветната положба за одредената интервенција;<br>- постапка на спроведување на земениот материјал;<br>- постапка на распремање на материјалот по извршената интервенција. | Интерна и педијатрија со нега<br><br>Хирургија со гинекологија и акушерство со нега<br><br>Микробиологија и инфектологија со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | абдоминална пункција;<br><br>- да го ***пригот̄вува*** болниот за интервенција ( психичка подготовка, примена на лаксантни средства и премедикација);<br><br>- да го ***идентификува и подготвува*** потребниот материјал за интервенција:<br><br>- да го ***поставува*** болниот во соодветна положба за интервенција;<br><br>- да ***асистира*** при интервенција;<br><br>- да го ***спроведува*** земениот материјал за испитување;<br><br>- да го ***распремува*** материјалот после интервенцијата и да ***спроведува*** нега и хигиено-диететски режим. | ***Распоредување*** на учениците на местата за аплицирање.<br><br>***Следење, набљудување и оценување*** на нивната работа. | |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **6. НЕГА НА БОЛЕН И ДИЈАГНОСТИЧКИТЕ МЕТОДИ ПРИ ЗАБОЛУВАЊА НА УРИНАРНИОТ СИСТЕМ** | **30** | ***Ученикот:***<br><br>- да ***препознава*** симптоми на одделни органски системи како резултат на уремија и симптоми на уремична кома;<br><br>- да ***дава*** прва помош при анурија;<br><br>- да ***спроведува*** соодветна нега при коматозна состојба;<br>- да ***ракува*** со приборот за мерење на количевство и специфична тежина на урина;<br>- да ***контролира и регистрира*** контрила на диуреза и телесна тежина<br>- да ***почитува*** индивидуалноста на болниот;<br>да го ***познава***о хигиено-диететскиот режим кај болни со ХБИ;<br>- да ***познава*** текот на изведувањето на дијагностичките методи; | ***Демонстрирање*** на:<br><br>- нега на болен со соодветна симптоматологија;<br>- дијагностички постапки.<br><br>***Распределување*** на учениците по работни места, поделба на задачи.<br><br>***Следење и вреднување*** на работата.<br><br>***Организирање*** на дискусија и ***укажување*** на пропустите. | Интерна и педијатрија со нега<br><br>Микробиологија и инфектологија со нега<br><br>Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да го ***приготвува*** болниот за интервенција (психичка подготовка, лабораториски испитувања, испитување на чувствителноста на контрастното средство и примена на лаксантни средства);<br>- да го ***идентификува*** и ***подготвува*** материјалот за интервенцијата (инструменти, дезинфекциони средства, реагенси );<br>- да го ***поставува*** болниот во соодветна положба за интервенцијата;<br>- да ***асистира*** при интервенција;<br>- да зема материјал од пациентот за испитување;<br>- да го ***спроведува*** земениот материјал за испитување;<br><br>- да ***распремува*** материјал после интервенцијата. | | |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **7. НЕГА НА БОЛЕН ОД ШЕЌЕРНА БОЛЕСТ** | **10** | ***Ученикот:***<br><br>- да ***препознава*** симптоми на најчести компилкации од оваа болест;<br><br>- да ***подготвува и аплицира*** ординиран инсулин според одредена постапност;<br><br>- да ***реагира*** соодветно со апликација на ординираната терпапија;<br><br>- да ***спроведува*** соодветна нега;<br><br>- да го ***разбира*** значењето на хигиено диететскиот режим во функција на лекување на ова заболување. | ***Презентирање*** нанајчести компликации и на нивната симптоматологија.<br><br>***Демонстрирање*** на ***приготвување и аплицирање*** на инсулин.<br><br>***Распределување*** на учениците по работни места, поделба на задачи.<br><br>***Следење и вреднување*** на работата.<br><br>***Организирање*** на дискусија и укажување на пропустите.<br><br>***Увид*** во дневниците од практична настава. | Интерна и педијатрија со нега |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

Според зацртаните цели на наставниот предмет практична настава, основни методи кои се применуваат за реализација на наставата се: демонстрација, презентација, насочена дискусија, учење преку работа и преку сопствено откривање.

***Активности на ученикот:*** набљудува, објаснува, развива вештини и ставови, прибележува во дневник за практична настава, спроведува специјална нега, аплицира ординирана терапија под надзор, мери и регистрира витални знаци и телесни мерења, контролира излачевини, евидентира и администрира под надзор.

***Активности на наставникот:*** планира, организира, подготвува ,демонстрира, објаснува, дискутира, поврзува теоретски знаења за примена во практика, поставува прашања, контролира, инструира, корегира, вреднува знаења и умеења, воспоставува позитивна педагошка комуникација.

### 4.3. Организација и реализација на наставата по предметот

Наставниот предмет практична настава, е застапен со 11 часа неделно во две полугодија. Неделната застапеноста на часови по подрачја во наставната програма е следната: заразни болести со нега – 3часа; хируршки болести со нега – 4 часа; интерни болести со нега – 4 часа. Воспитно - образовната работа се реализира делумно во училишните кабинети, а најголемиот дел во соодветни здравствени институции како наставни бази каде што учениците се оспособуваат за спроведување на специјална нега на болни од хирушки, заразни болести и болни од интернистички болести. За реализација на оваа настава паралелката се дели на групи. Распоредувањето на групите на ученици во соодветни клинички одделенија и времето на престојот во одделенијата, се врши со договор меѓу наставниците кои ја реализираат практичната настава, додека распоредувањето на учениците по конкретни работни места и задолженија, го прави наставникот кој ја води соодветната група.

### 4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите од овој наставен предмет, а во рамките на реализација на предвидените активности, потребни се следниве средства и помагала: фантоми, болнички кревет, постелнина, болничка облека, разновиден медицински материјал, инструменти и апарати соодветни за остварување на зацртаните цели и согласно насоките во колоната од наставната програмата под назив Дидактички насоки.

### 4.5. Литература за наставникот и учениците

- практикум за практична настава;
- дневник за практична настава;
- дидактички  материјали подготвени од страна на наставникот.
- стручна  литература од предвидените области;
- литература од областа на дидактиката.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценката за практичната настава треба да биде резултат на континуирано следење на ученикот, како на постигнатите резултати така и на позитивните промени на личноста на ученикот. При оценувањето се зема предвид активноста, ангажираноста, интересот, залагањето, поврзувањето на теоретските знаења од соодветната дисциплина и нивната практична примена, прецизноста во работењето, односот кон соучениците, персоналот, пациентите и средствата за работа.  Во оценката партиципираат соодветно сите подрачја од наставната програма.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Покрај условите пропишани со Закон за средно образование, наставникот треба да ги поседува и следниве персонални, прфесионални и педагошки карактеристики: да е физички и психички здрав, да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо, да нема говорни мани, да е комуникативен, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен и подготвен за примена на иновациите во воспитно-образовната работа.

**6.2. Стандард за наставен кадар**
Практичната настава ја реализираат кадри со завршена:
- Висока медицинска школа
- Студии на медицина
- Виша медицинска школа

Наставниците треба имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

**6.3. Стандард на простор за наставниот предмет**
Практичната настава се реализира во училишните кабинети и во соодветни здравствени институции - клиники, болнички одделенија и зравствени домови кои располагаат со потребните наставни средства и помагала согласно со нормативите.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка**: мај 2007 година

**7.2. Состав на работната група:**

1. Гордана Донева - Атанасоска, советник, Биро за развој на образованието - Скопје
2. Проф. д-р Оливера Муратовска, Клиника за детски болести - Скопје
3. д – р Соња Славковиќ, професор, СМУГС "Д-р Панче Караѓозов", Скопје
4. Лилјана Тоновска , стручен наставник, СМГСУ "Д-р Панче Караѓозов" - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА
**8.1. Дата на започнување: 01. 09. 2007 година**

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА
Наставната програма по Практична настава ја одобри Министерот за образование и наука со решение бр.11.4631/22од 21.06.2007 година.